### Член 20

### Еднострано раскинување на концесијата за експлоатација на минерални суровини од страна на концедентот

Концедентот може еднострано да го раскине договорот за концесија во случај на:

- концесионерот ќе го пренесе предметот на концесија за експлоатација на минерални суровини на друг концесионер без согласност на концедентот;
- кога кај концесионерот ќе настапи состојба на присоединување, спојување и поделба без добиена писмена согласност од концедентот;
- кога ќе се изврши пренос на акции или удели кај концесионерот на кој му е доделена концесија за експлоатација кои поединечно или во збир би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото без претходна писмена согласност на концедентот на начин утврден со закон;
- концесионерот ќе го издаде предметот на концесија под закуп;
- концесионерот ќе отпочне со експлоатација на минералните суровини пред да добие дозвола за експлоатација;
- концесионерот не постапил по изречените мерки во постапката на надзор согласно со закон;
- кога концесионерот не поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рокот определен со закон;
- концесионерот не започнал со експлоатација на минералните суровини во рок определен со закон, освен во случај на настанување на виша сила;
- концесионерот не ги платил концесиските надоместоци за доделената концесија на начин и под услови утврдени со закон и прописите донесени врз основа на законот;
- концесионеоротот не извршил геодетско снимање и не изготвил геодетски елаборат со пресметка на откопаните колични на минерални суровини или пак геодетскиот елаборат не го доставил до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во текот на две години послеовательно;
- концесионерот не достави извештај за извршеното тестирање на експлоатационите објекти за експлоатација на минералните суровини: минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ во текот на две години последователно;
- концесионерот не доставува вистинити податоци за содржината на минералните суровини во концентратите односно металите кои се добиваат во процесот на нивна преработка;
- концесионерот прекинал со изведување на рударските работи подолго од една година,